ОКСЗД

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА** | **KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI** | **COMMISSION ON PREVENTION AND PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION**

Архивски број: 08-133 /10

Датум: 02.09. 2021 година

Постапувајќи по претставката бр. 0801-133 од 28.07. 2021 година, поднесена од [redacted] од Неготино, против Комисија за селекција за вработување при Основен суд Неготино, за извршена продолжена директна дискриминација по основ на образование во правосудство и управа согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 10.08.2021 го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА** директна продолжена дискриминација по основ на образование, при вработувањето, извршена од страна на Комисија за селекција за вработување при Основен суд Неготино и претседателот на Основен Суд - Неготино кон подносителот на претставката [redacted] од Неготино .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] од Неготино, против Комисијата за селекција за вработување при Основен суд Неготино што е поднесена на 29.06.2021 година, поднесувачот до Комисијата достави документација околу Јавниот оглас за вработување на судски службеник во Основен суд Неготино, објавен во дневните весници: „Слободен печат" и „Коха"на ден 04.11.2020 бр.02/2020 заведен Су-04.бр.109/20, објава за вработување на неопределено време на судски службеник, за работно место „судски соработник" категорија В, ниво 3, 1 (еден) извршител на 13.11.2020, од страна на Општински суд – Неготино, подносителот поднел уредно пријава за вработување, по наведените услови во огласот, согласно Законот за судска служба.

Во претставката на [redacted], има наведено, дека врз него е: *извршена дискриминација во постапка за вработување во Основен суд Неготино, по објавен оглас бр. 02/2020 г од 04.11.2020 за вработување на судски службеник. Поради утврден сомнеж за дискриминација* од страна на Комисијата за селекција за вработување при Основен суд – Неготино, затоа што:

Во постапката за прием на судски службеник, бил *прворангиран во првата објава на резултатите кои биле јавно објавени, но, по приговор на еден кандидат, ранг – листата била коригирана иако ниту една одредба од Законот за судска служба не предвидува „преоцена на бодирањето"*, во овој случај Комисијата за селекција на вработување и претседателот на Основен суд Неготино се ставиле во улога на втоbesтепен орган и примиле кандидат за судски службеник кој во првата објава бил второрангиран со образложение дека направиле „технички пропуст" при пресметка на бодовите. Комисијата за селекција и Претседателот на Основен суд Неготино, не ги зеле во предвид начелата на мерит (merit) системот, каде треба да се вреднува способноста на кандидатот одделно, со цел да се избере најкомпетентниот кандидат.

На ваквите одлуки подносителот поднел жалба до повисок орган во втор степен - Совет на судска служба кој три пати го поништил изборот за судски службеник на Претседателот на Основен суд Неготино, кој упорно го повторувал истото - три пати.

Ваквото постапување од страна на Комисијата на селекција на вработување во Основен суд Неготино и Председателот на Основен суд Неготино се должи на:

- Погрешно утврдените бодови за стручна квалификација,
- Погрешно утврдените бодови за образование и
- Погрешно утврдените бодови за работно искуство.

*Подносителот наведува дека доколку правилно му биле утврдени бодовите тој би имал 86,44 бодови и би бил прворангиран.*

Комисијата на селекција на вработување во Основен суд Неготино и Председателот на Основен суд Неготино се држат до, ранг – листа на Универзитетите во нашата земја по закон кој нема правна сила и е надвор од правниот промет од 2018 , во нашата земја, постапувајќи спротивно на чл.8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно, принципот на владеење на правото.

Досега наведеното подносителот го аргументира со доставените документи:

- Резултат од административната селекција за јавен оглас број 02/2020 под точка 1 со Ранг листа од административна селекција на кандидатите за јавен оглас 02/2020 под точка 1 од 27.11.2020 г, објавени на официјалната веб страна на Основен суд Неготино;
- Корекција на ранг листа од административна селекција на кандидатите за јавен оглас 2/2020 година под точка 1 од 27.11.2020 година, објавена на официјалната веб страна на Основен суд Неготино на ден 10.12.2020 година;
- Известување на Основен суд Неготино Су-04.број 111/20-4 од 10.12.2020 година до кандидатот со шифра 20200204, со прилог детална листа на бодови за сите кандидати (во копија);
- Приговор на м-р [redacted] на Известувањето на Основен суд Неготино Су-04 број 111/20-4 од 1012.2020 година, доставен до Основен суд Неготино на 14.12.2020 година (во копија);
- Резултат од испит за јавен оглас бр. 2/20 под точка 1 од 14.12.2020 година;
- Конечна ранг листа за испит од јавен оглас бр. 2/20 под точка 1 од 14.12.2020 година;
- Одлука на Претседател на Основен суд Неготино Су-04.бр.117/20 од 15.12.2020 година (во копија);
- Жалба од м-р [redacted] од 22.12.2020 година против Одлука на Претседател на Основен суд Неготино Су-04.бр.117/20 (во копија);
- *Решение на совет на судска служба ССС.бр.104/20 од 24.12.2020 година (во копија);*
- Известување за административна селекција во повторна постапка по точка 1 од јавен оглас бр. 02/2020, објавено на ден 05.02.2021 година на официјалната веб страна на Основен суд Неготино;
- Резултати од административна селекција по јавен оглас бр. 02/2020 за работно место под точка 1, објавени на ден 08.02.2021 година на официјалната веб страна на Основен суд Неготино;
- Резултати од стручен испит за јавен оглас број 02/2020 за работно место под точка 1, објавени на ден 19.02.2021 година на официјалната веб страна на Основен суд Неготино;
- Конечна ранг – листа на кандидати по јавен оглас бр. 02/2020 под точка 1, објавени на ден 19.02.2021 година на официјалната веб страна на Основен суд Неготино;
- Приговор од м-р [redacted] на резултатите од административна селекција по јавен оглас бр. 02/2020 за работно место под точка 1 од огласот од 08.02.2021 година, доставено во Основен суд Неготино на ден 10.02.2021 година (во копија);
- Одлука на Претседател на Основен суд Неготино Су-04.бр.16/21 од 23.92.2021 година (во копија);
- Жалба од м-р [redacted] од 01.03.2021 година против Одлука на Претседател на Основен суд Неготино Су-04.бр.26/21 од 23.02.2021 година (во копија);
- *Решение на Советот на судска служба ССС.бр.48/2021 од 16.03.2021 година;*

- Резултати од административна селекција по објавен оглас број 02/2020 за работно место под точка 1, објавени на 20.04.2021 година на официјалната веб страна на Основен суд Неготино;
- Приговор од м-р [redacted] на резултатите од административна селекција по јавен оглас број 02/2020 за работно место под точка 1 од огласот, објавени на 20.04.2021 година доставен до Основен суд Неготино на 21.04.2021 година (во копија);
- Известување по поднесен приговор на постапка и резултати од административна селекција од 20.04.2021 година од Комисија за селекција за вработување (во копија);
- Одлука на Претседател на Основен суд Неготино Су-04.бр.35/21 од 22.04.2021 година;
- Решение на Претседател на Основен суд Неготино Су-04.бр.35/21-2 од 23.04.2021 година (во копија);
- Жалба од м-р [redacted] од 04.05.2021 година, против Одлука на Претседател на Основен суд Неготино Су-04.бр.35/21 од 22.04.2021 година (во копија);
- *Решение на Совет на судска служба ССС.БР.100/21 од 11.05.2021 година (во копија);*
- Резултати од административна селекција по Јавен оглас број 02/2020 година, за работно место под точка 1, објавени на официјалната веб страна на Основен суд Неготино на ден 16.06.2021 година;
- Приговор од м-р [redacted] на Резултати од административна селекција по Јавен оглас број 02/2020 за работно место под точка 1 од огласот, објавени на официјалната веб страна на Основен суд Неготино на ден 16.06.2021 година, доставен во Основен суд Неготино на ден 19.06.2021 година преку препорачана пратка (во копија).

Согласно законските надлежности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 29.06.2021 до Комисија за селекција за вработување при Основен суд Неготино, испрати барање за произнесување околу наводите содржани во претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-133. Писменото произнесување со број Су.бр.384/21 од 07.07.2021, од страна на Комисијата за селекција за вработување при Основен суд Неготино, пристигна до архивата на КСЗД на 13.07.2021. Во истото, тие истакнуваат дека *вкупниот број бодови се пресметува како збир од производите на бодовите за просечниот успех на кандидатот и бодовите од рангот на високообразовната установа на соодветниот циклус на студии каде што кандидатот ги завршил*. Не им е јасно зошто поднесувачот навел дека бил дискриминиран, бидејќи *пресметката на бодовите за ранг на високообразовните установи на кои кандидатите го завршиле стручното образование, Комисијата ја извршила врз основа на последно објавената официјална домашна ранг – листа на високообразовни установи преземена од веб страна на Министерството за образование и наука на РСМ.* Двајца од кандидатите го завршиле своето образование на УКИМ кој е прворангиран со вкупен резултат 100 а подносителот на претставката се стекнал со образование на ФОН Универзитетот кој е деветорангиран со вкупен резултат 55.5. Од овие причини неприфатливи се констатациите во претставката дека Комисијата постапувала *спротивно на законските и подзаконските акти, арбитрарно, паушално и самоволно*. До колку се направат анализи на ранг листите може да се утврди дека, разликите во бодовите помеѓу кандидатите произлегуваат единствено од *бодовите за образование на кандидатите и бодовите од полагањата на испитот за судски службеник*. Во предметната постапка земени се податоците од последната ранг листа објавена на веб страната на Министерството за образование и наука.

Согласно член 24 став 2, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 15.07.2021 достави барање за дополнителни информации на претставката до Министерството за образование и наука, бр.0801-133/4, во кое побара:

- Дали е извршено рангирање на универзитетите во нашата држава согласно чл. 58 од актуелниот Закон за високо образование?
- Дали при избор на судски службеник , категорија В, ниво 3, за период од 13.11.2020 до 22.04.2021 е облигационо да се постапува по ранг листа на Универзитетите во Република Северна Македонија;
- Кога последен пат во нашата земја е извршено рангирање на универзитетите?

На 26.07.2021 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од Министерството за образование и наука заведено со бр. 14-10690/2 од 19.07.2021, со следната содржина:

- Последно рангирање на високообразовните установи запишани во Регистарот на високообразовни установи е направено за академската 2015/16 година и е објавено 1 ви Март 2017 година
- МОН, рангирањето на високообразовните установи го изведува согласно чл. 58 од Законот за високо образование ( Сл. Весник на РМ бр.82/18) заради развивање и одржување на квалитетот на вискотo образование и **нема надлежност** за пропишување на критериуми за избор на судски службеник.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги разгледа сите документи и наводи од двете страни по предметната претставка и утврди дека согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), Комисијата за селекција на вработување при Основен суд Неготино и Претседателот на Основен суд Неготино, извршиле повеќекратна директна дискриминација по основ на образование и пристап до работно место во областа на работа и работни односи во правосудство и управа кон [redacted], што го поткрепува со следните факти и аргументи:

1. Според резултатите од административната селекција за јавен оглас број 02/2020 под точка 1 од 27.11.2020, кандидатот со шифра 20200204 е прворангиран со освоени бодови 26,94, во споредба со останатите кандидати.

2. Според Ранг – листа на кандидати кои ја поминале административната селекција, со шифра 20200204 (подносителот) истиот е највисоко рангиран со освоени 26,94 бодови

3. Извршена е Корекција на ранг листа од административна селекција на кандидатите за јавен оглас 2/2020 под точка 1 од 27.11.2020 година, по барање на еден од кандидатите.

Согласно официјалните ранг листи на високо образовните установи на РСМ и надвор од РСМ чл. 9 од Правилникот за формата и содржината ја објавува следната коригирана ранг - листа од административната селекција на кандидати за јавен оглас, каде прворангираниот, со шифра 20200204 се спушта на трето место со освоени 19,19 бодови, на што Претседателот на Основен суд Неготино креира решение за прием на судски службеник [redacted], раководејќи се, по корегираната ранг листа, која во првата објава е второрангирана во објавената листа на кандидати кој ја поминале административната селекција од 27.11.2020 год.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, изврши увид во приложените списи, Законот за судски служби, Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во Основен суд Неготино, одлуките за прием на судски службеник: Су-04.бр.117/20 од 15.12.2020, Су-04.бр.16/21- 23.02.2021, Су-04.бр.35/21 од 22.04.2021, Жалбите на подносителот [redacted] до Советот на судска служба, Решенијата на Советот на судска служба за поништување на одлуките на Претседателот на Основен суд Неготино: ССС.бр.104/2020 од 24.12.2020 г, ССС.бр.48/2021 од 16.03.2021 г, ССС.бр.100/2021 од 11.05.2021 г.

Од длабоката и сеопфатна анализа на целиот пристигнат материјал беа констатирани низа неправилности во постапката за прием на судски службеник и тоа:

- повреда во чл.7 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во Основен суд Неготино,
- повреда во чл. 11 став 2 точка 1 алинеја 2 од Законот за судска служба
- повреда на член 5 став 3 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас
- Погрешно утврдени бодовите за стручна квалификации, бодовите за образование и работното искуство на кандидатите, неправилно утврдени општи и посебни услови на кандидатите.

- Избраниот кандидат во моментот кога завршило пријавувањето на кандидатите по огласот имал **една** година работно искуство во струката по полагање на правосудниот испит - *„**забелешка** на Советот за судска служба во документ: 100/21 од 11.05.2021 година"*, додека подносителот на претставката [redacted] имал [redacted] години работно искуство во Основен суд Неготино.

Од сето ова, произлегува дека Претседателот на Основен суд Неготино го занемарил фактот дека кандидатот [redacted] ги исполнува условите уште на самиот почеток и после трите донесени Решенија во втор степен од страна на Советот на судска служба, за поништување на одлуки за прием на кандидат за судски службеник, на селективен и нетранспарентен начин, преферирајќи го само фактот од рангирање на Универзитетите во нашата земја, извршено пред повеќе од 5 и повеќе години, направен по непостоечки закон за високо образование, кој е вон правна сила, факт за кој и МОН се изјасни дека *не е обврзувачко во избор на судски службеник*, со тоа го ставил во подредена состојба [redacted] во однос на примената кандидатка при остварувањето на уставно загарантираното право на еднаков пристап до работно место, што претставува директна дискриминација која согласно чл.8 од ЗСЗД претставува: *Кога со едно лице или со група се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друг лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Од севкупната документација што ја разгледуваше Комисијата, јасен е фактот дека за да биде извршено рангирање на кандидатите потребно е да бидат *пресметани бодовите, а во овој случај извршено е рангирање на кандидатите без притоа да бидат пресметани бодовите.*

За да ги потврди тврдењата на подносителот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација направи увид на официјалната веб-страница, на регистар на вештаци во Министерството за правда, од каде се увери дека, [redacted] кое е во правна врска со Основен суд Неготино со лиценца 3459/2 од 03.11.2017 година, за потребите на судот, што дава дополнителна веројатност за некредибилноста на одлуката за прием на судски службеник во предметниот случај.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација внимателно го анализираше и чл 58 ст.1 од Законот за високо образование кој вели дека з*а развивање и одржување на квалитетно високото образование на секои **три години** задолжително се спроведува рангирање на сите универзитети, запишани во регистараот на високо образовните установи.*

Во овој случај Комисијата за селекција на вработување при Основен суд Неготино и Председателот на Основен суд Неготино се повикуваат на рангирање направено повеќе од пет години, по непостоечки закон за високо образование и е вон правна сила и промет во земјата.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди продолжена директна дискриминација извршена од страна Комисијата за селекција на вработување при Основен суд Неготино и Председателот на Основен суд Неготино, по основ - образование во постапка за вработување, област работа и работни односи во правосудство и управа на лице [redacted], кандидат за судски службеник во Основен суд Неготино.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно чл. 27 став 2 од ЗСЗД, со цел да се отстрани повредата на уставно загарантираното право на еднаквост при вработување на [redacted] од Неготино и оневозможување на пракса која може да генерира нееднаквост и дискриминаторко однесување од пошироки размери на територијата во нашата земја, ја издава следнава:

**П Р Е П О Р А К А**

Се препорачува Комисијата за селекција на вработување при Основен суд Неготино во состав од Марија Лазова Ѓорчева, Сашо Темелкоски, Горан Николов и Васил Марковски и од Претседателот на Основен суд Неготино –

Биљана Толова, **Да му овозможат еднаков пристап до работно место, судски службеник при Основен суд Неготино на [redacted] во рок од 30 дена и за тоа да ја известат Комисијата, согласно чл.27 став 3 од ЗСЗД.**

Доколку Комисијата за селекција на вработување при Основен суд Неготино и Претседателот на Основен суд Неготино не постапат согласно оваа Препорака, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно своите законски надлежности.

Известител член на КСЗД

**Лимко Бејзароски**

Скопје, 02.09.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

**Весна Бендевска**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје